# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ОРГАНИЗАЦИСКО ОДНЕСУВАЊЕ И МЕНАМЕНТ НА МАЛ БИЗНИС, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Економски факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 12.9.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област менаџмент и бизнис (5.02.00.03), по предметите: Организациско однесување и Менаџмент на мал бизнис, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1500/4, донесена на 7.10.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Љубомир Дракулевски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Леонид Наков, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Стојан Дебарлиев, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област менаџмент и бизнис, по предметите: Организациско однесување и Менаџмент на мал бизнис, во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Александра Јанеска-Илиев.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев е родена на 18.8.1983 година, во Охрид. Средно образование завршил во гимназијата „Св. Климент Охридски“ во Охрид, со одличен успех, на природно-математичката насока. Во 2002 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје, на департманот по менаџмент. Во 2005 година, по навременото завршување на третата година од студиите го продолжила образованието на Универзитетот за професионална едукација „Фонтис“ во Ајндховен, Холандија, каде што и дипломирала во јануари 2007 година. Во февруари 2007 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на МБА-менаџмент на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. По положувањето на предвидените испити, на 3.10.2008 година магистрирала на тема: „Договор со странски партнери како стратегија за настап во меѓународен бизнис без вложување на капитал” и се здобила со научен степен – магистер на економски науки од областа МБА-менаџмент. Докторската дисертација на тема „Деловни стратегии за развој на малите бизниси” ја пријавила во 2009 година, а успешно ја одбранила на 13.2.2015 година со што се стекнала со научен степен – доктор на економски науки.

По дипломирањето зела учество во неколку различни пракси во реномирани компании во Република Македонија, каде што се здобила со првите апликативни и стручни искуства од бизнис-секторот. Во јули 2008 била иницијално ангажирана на позицијата даночен советник во реномираната консултантска куќа „Ернст и Јанг” во Скопје, при што извршувала најразлични задачи, а во 2012 година во рамките на компанијата истовремено ја ангажирале и во делот на маркетинг, бизнис-администрација, односи со клиентите и управување на портфолиото на клиентите. Тоа дополнително овозможува да се надгради и искуството во делот на аплицирање на проблематиката поврзана со различните аспекти на бизнисот и менаџментот. Истовремено, во рамките на својот професионален развој, партиципира на различни работилници, во земјата и во странство, поврзани со здобивање на најразлични вештини и способности.

Во декември 2012 година, кандидатката е избрана на Катедрата за менаџмент, на Економскиот факултет во Скопје, како помлад асистент по група предмети од областа

на менаџментот, каде што е ангажирана на поголем број предмети од областа на менаџментот.

На 31.8.2015 година е избрана во звањето доцент на Економскиот факултет во Скопје, во областа бизнис-менаџмент, на предметот Организациско однесување. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1104 од 15.7.2015.

На 3.4.2020 година е избрана во звањето вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје, во областа бизнис-менаџмент, на предметите Менаџмент на мал бизнис и Организациско однесување. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ 1.3.2020 Билтен бр. 1210.

Кандидатката течно ги зборува англискиот и германскиот јазик, а се служи и со холандскиот и италијанскиот јазик. Во 2011 година се здобива со DAF- сертификатот издаден од Гете-институтот во Бон, Германија, а поседува и неколку меѓународни сертификати за познавање на англискиот јазик.

Во изминатиот период, кандидатката имала голем број активности во различни насоки, при што постојано се усовршувала, објавила голем број научни трудови и учествувала на голем број меѓународни и домашни конференции, семинари, обуки и работилници. Покрај тоа, д-р Александра Јанеска-Илиев во периодот од минатиот избор до сега била вклучена во национални и меѓународни проекти кои дополнително ѝ овозможиле да се здобие со искуства во делот на научниот, стручниот и наставно-образовниот контекст.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1104/2015 и бр. 1210/2020, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата и подготовката на овој извештај, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Економски факултет во Скопје, кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев изведува настава и вежби на прв циклус студии, по предметите: Организациско однесување и Менаџмент на мал бизнис; на втор циклус студии, по предметот Менаџмент на мал бизнис, на студиските програми МБА-менаџмент и Стратегиски менаџмент на човечки ресурси, како и по предметот Финансирање на претприемачки бизниси, на студиската програма Корпоративен финансиски менаџмент, HRM in a Start-Up and Corporate Environment Leadership & Organizational Behavior. Кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев има учествувано при креирањето на студиската програма МБА во Стратегиски менаџмент на човечки ресурси, која е целосно на англиски јазик. Истовремено, како дел од тимот, учествуваше во креирањето на наставната содржина за темата „Ефективно тимско работење”, Јапонската менаџмент-програма за професионална обука „Quality Management and Competitiveness”, во организација на Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA).

Во наведениот период, д-р Александра Јанеска Илиев има одржано повеќе предавања на работилници и летни школи. Може да се истакне предавањето на 44. и 49. регионален курс на УНКТАД, предавања на тема на Меѓународната летна школа „Organization, Management, and Society“, организирана од Универзитетот во Марибор, предавања на mPreneur Social Mobile Entrepreneurship TC Social mPreneur School и други дополнително наведени во табелата во Анекс 1.

Во изведувањето на наставата, кандидатката интегрира соодветни наставно-образовни методи, практични симулации и онлајн алатки за активно учество на студентите во изведувањето на наставата, со што успешно ја организира и ја спроведува наставата. Студентите редовно изработуваат проектни задачи, работат на вежби и учествуваат во симулации во контекст на полесно разбирање и совладување на

наставната материја. Покрај предавањата, кандидатката секојдневно е ангажирана во процесите на консултации со студенти од прв, втор и трет циклус студии, како и во процесите на изработка и менторирање проектни задачи, дипломски трудови, магистерски трудови и сл. Дополнително, кандидатката е вклучена во подготовка, спроведување и оценка на испитни прашања и испити/колоквиуми по соодветните предмети.

Кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев била ментор на 27 дипломски трудови.

Кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев учествувала како член во комисии за оцена/или одбрана на 30 дипломски и 21 магистерски труд и на 4 докторски дисертации.

Д-р Александра Јанеска-Илиев е автор на рецензиран учебник со наслов: **Организациско однесување**, Економски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, февруари 2023 (коавтор), ISBN 978-608-212-082-9 (6), во коавторство со проф. д-р Љубомир Дракулевски и проф. д-р Бобек Шуклев.

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 1 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Александра Јанеска-Илиев има објавено вкупно 19 научни трудови од областа на бизнис-менаџментот од последниот избор до нејзиното пријавување на конкурсот за избор објавен на 12.9.2024 год. Од објавените трудови, 2 труда се со импакт-фактор (фактор на влијание); 1 во меѓународни научни списанија индексирани во Scopus; 4 во меѓународни научни списанија индексирани во различни електронски бази; 2 објави како дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД (едната е индексирана во Scopus а другата во Emerald; 6 труда објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји; 1 труд објавени во зборник на трудови од научен собир

Кандидатката партиципирала во пет меѓународни научни проекти и еден национален научен проект. Притоа како резултат на националниот научен проект, учествувала и коавторски во објавувањето на една монографија.

Од самиот почеток партиципира во континуитет во “Quality Management and Competitiveness”, кој е соработка со Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA), Универзитет во Нагасаки, Јапонија, Универзитетот за национално и светско стопанство (UNWE), Софија, Бугарија и Економскиот факултет во Скопје, УКИМ, 2019 – 2023. Кандидатката е дел од тимот кој работи на проектот “Organizing acceleration for high-potential innovative SME’s”,“Gazelle”-(interreg v-b) balkan mediterranean 2014-2020, кој беше операционализиран во рамките 2020 – 2021 година. Учествуваше во подготовката и операционализацијата на меѓународен научен проект: “Business Pioneers: A Research-Augmented Master in Value driven Entrepreneurship (BraVE)”, ERASMUS-EDU-2024-EMJM-DESIGN, ERASMUS. Кандидатката активно партиципира и придонесува во USEIPM Project: Up-skilling researches for sustainable entrepreneurship based on innovation process management Horizon project, финансиран од ЕУ.

Кандидатката рецензирала 27 научни трудови во реномирани меѓународни научни списанија и меѓународни научни собири.

Во прилог е листата на објавени научни трудови од областа на менаџмент и бизнис од последниот избор до објавувањето на конкурсот:

1. Krasniqi, T., **Janeska-Iliev, A.J.** and Drakulevski, L., 2024.” Discovering the Relationship between Leadership Styles and Organizational Commitment: The Case of the Private Sector of a Developing Country”, Economic Studies (Ikonomicheski Izsledvania)., 33(6).pp.71-87.(Scopus)
   http://hdl.handle.net/20.500.12188/31338

2. Miklosh, B., **Janeska-Iliev, A.** and Drakulevski, L., 2024. “Emotional intelligence building leadership perspectives in the educational sector”, KNOWLEDGE-International Journal, 65(1), pp.15-20..(Ebsco)
   http://hdl.handle.net/20.500.12188/31339
3. **Janeska-Iliev, A**. and Kitanovikj, B., 2024. “Millennials changing the game: the new generations challenging the workplace”. Poslovna izvrsnost, 18(1), pp.11-34.18. (Econlit)
   http://hdl.handle.net/20.500.12188/31340
4. Miklosh, B., **Janeska-Iliev, A**. and Drakulevski, L. “Unveiling the nexus between empathy and leadership in the production sector” Southeast European Review of Business and Economics- SERBE Vol 5, Issue 1,2024 ISSN 2671-339X DOI 10.20544/SERBE (Ebsco)
   http://hdl.handle.net/20.500.12188/31341
5. Debarliev, S., **Janeska-Iliev, A**. and Ilieva, V., 2020. “The status quo bias of students and reframing as an educational intervention towards entrepreneurial thinking and change adoption”, Economic and Business Review, 22(3), p.3..(Ebsco)
   http://hdl.handle.net/20.500.12188/31342
6. Ilieva, V., **Janeska-Iliev, A.**, Debarliev, S., Nakov, L., Drakulevski, L. and Brudermann, T., “Knowledge overconfidence among entrepreneurs from Austria and North Macedonia “,2022.. JEEMS Journal of East European Management Studies, 27(2), pp.259-279.
   http://hdl.handle.net/20.500.12188/28065
7. Stojan Debarliev, **Janeska-Iliev,** A., Osvaldas Stripeikis & Blaž Zupan (2022) “What can education bring to entrepreneurship? Formal versus non-formal education”, Journal of Small Business Management, 60:1, 219-252, DOI:10.1080/00472778.2019.1700691
   http://hdl.handle.net/20.500.12188/28033
8. Chichevaliev, S., Debarliev, S. and **Janeska-Iliev, A.**, (2023), "How is Social Entrepreneurship Pursuing the Path of Development? Regional Perspectives in the Western Balkans", Ramadani, V., Kjosev, S. and Sergi, B.S. (Ed.) Entrepreneurship Development in the Balkans: Perspective from Diverse Contexts (Lab for Entrepreneurship and Development), Emerald Publishing Limited, Leeds, pp. 33-68.
   https://doi.org/10.1108/978-1-83753-454-820231003
   http://hdl.handle.net/20.500.12188/31343
9. Susai, M., Nakov, L., Okada, H., **Janeska-Iliev, A**., Takai, K., & Brzovska, E. (2023). “SME Challenges in the Pandemic and Post-Pandemic Worlds and SDGs in South-Eastern Europe and the Black Sea in Light of the Pandemic: Identifying and Measuring CTQ (Critical-to-Quality) Features of SMEs” In J. Oleński, J. Sachs, M. Susai, Y. Tsekouras, & A. Gjonça (Eds.), Handbook of Research on Socio-Economic Sustainability in the Post-Pandemic Era (pp. 100-137). IGI Global. https://doi.org/10.4018/978-1-7998-9760-6.ch006.(Indexed in Scopus)
   http://hdl.handle.net/20.500.12188/28941
10. **Janeska Iliev, A**., Debarliev, S. and Cvetkoska, V., (2023), “What is Next in Entrepreneurial Education: Bibliometric Analysis on Building Competencies for the Entrepreneurial World”, Proceedings of the 4th International Scientific Conference Economic and business trends shaping the future, Faculty of Economics Skopje, University “Ss. Cyril and Methodius” in Skopje, 9 – 10 November 2023
    http://hdl.handle.net/20.500.12188/28853
11. Krasniqi, T., Drakulevski, L. and **Janeska-Iliev, A**., (2023), “The Leadership Dilemma: Investigating the Relationship Between Leadership Style and Employee Performance”, Proceedings of the 4th International Scientific Conference Economic and business trends shaping the future, Faculty of Economics Skopje, University “Ss. Cyril and Methodius” in Skopje, 9 – 10 November 2023.
    http://hdl.handle.net/20.500.12188/28854
12. Kasa-Jashari, M. and **Janeska-Iliev, A**. (2022), “The impact of the investment in employee training on the profit of small companies”, Proceedings of the 3rd International Scientific Conference Economic and business trends shaping the future, Faculty of

Economics Skopje, University "Ss. Cyril and Methodius" in Skopje, 10 – 11 November 2022.
http://hdl.handle.net/20.500.12188/24433

13. Kozeski, K., Bucevska, V., **Janeska -Iliev, A**. (2023). Analysis of the Determinants of Graduates Employability. In: Mihić, M., Jednak, S., Savić, G. (eds) Sustainable Business Management and Digital Transformation: Challenges and Opportunities in the Post-COVID Era. SymOrg 2022. Lecture Notes in Networks and Systems, vol 562. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-031-18645-5_7
http://hdl.handle.net/20.500.12188/23039
14. Krasniqi, T., **Janeska-Iliev, A**., (2021), "Identification of problems in small enterprises in the republic of kosovo in the conditions of the covid-19 pandemic", Proceedings of the 2nd International Scientific Conference Economic and business trends shaping the future, Faculty of Economics-Skopje, University "Ss. Cyril and Methodius" in Skopje, 11 – 12 November 2021
http://hdl.handle.net/20.500.12188/15927
15. **Janeska–Iliev, A**., Debarliev, S. and Drakulevski, L., (2020), "Building up the base for entrepreneurship: the meaning of university in the entrepreneurial ecosystem", Economic and business trends shaping the future, Proceedings of the 1st International Scientific Conference Economic and business trends shaping the future, Faculty of Economics-Skopje, University "Ss. Cyril and Methodius" in Skopje, November 2020.
http://hdl.handle.net/20.500.12188/15927
16. Firfov O., Drakulevksi Lj,, **Janeska Iliev, A.**(2021) "What is next? Did digital transformation just become even faster?: Internet usage vs. productivity" 13th International Conference ICT Innovation, Virtual Event, September 27-28, 2021
http://hdl.handle.net/20.500.12188/31344
17. Мимоза Каса-Јашари, **Јанеска-Илиев, А.** (2022). „Влијанието на националната култура во меѓународниот бизнис", Економски факултет – Скопје, том 57, Скопје
http://hdl.handle.net/20.500.12188/31345
18. **Јанеска-Илиев, А**., Миладинова Бранкица (2021). „Користење на генерациските разлики како основа за разбирање на работното место", Годишник на Економски факултет – Скопје, том 56, Скопје.
http://hdl.handle.net/20.500.12188/31346
19. **Јанеска-Илиев, А.** Николовска Јасмина (2020), „Фамилијарниот бизнис во време на ковид-криза", Економски факултет, Годишник на Економски факултет – Скопје том 55, Скопје, .
http://hdl.handle.net/20.500.12188/31337

Д-р Александра Јанеска-Илиев партиципирала на 7 стручни собири со меѓународно учество.

Кандидатката е ментор на 9 магистерски труда и на 3 докторски кандидати. Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот (називите на трудовите, проектите и сл.), наведени се во табелата во Анекс 1 (член 3) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Во рамките на стручно-применувачките активности може да се истакне дека кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев остварила неколку експертски активности. Притоа, 4 пати како стручно лице на Фондот за иновации и технолошки развој учествувала во евалуација на предлог-проекти, поврзано со неколку инструменти.

Д-р Александра Јанеска-Илиев, исто така, реализирала 7 мобилности, кои покриваат најразлични аспекти и обезбедуваат соодветни перспективи за продлабочување и унапредување на капацитетите на кандидатката. Па така може да се истакнат престоите од по 15 дена во Англија, Белгија, Италија и Франција, кои обезбедуваат унапредување на вештини на истражувачите за одржливо претприемаштво засновано на управување со иновативните процеси.

Кандидатката била дел од програма стипендирана и организирана од JICA насловена: Knowledge Co-Creation program (KCCP) of the Japan International Cooperation Agency (JICA) under the Official Development Assistance Program of the Government of Japan Business and Development Services(BDS) for Small and medium enterprises(SME's) promotion J1904111 и оствари престој во Јапонија во периодот од 8 до 28 април 2023.

Дополнително, кандидатката е вклучена во доста активности поврзани со Економскиот факултет преку комисии и тела како: секретар на Катедрата за менаџмент, секретар на колегиумот на втор циклус на Корпортивен финансиски менаџмент, член на Работна група на AACSB Gap Analysis, Standard 3, член на Комисија за избор на најдобар дипломски труд, член на Комисија за самоевалуација, Рецензентска комисија за избор на демонстратор и во повеќе прилики, член на Комисија за валоризација на кредити.

Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-применувачката дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, наведени се во табелата во Анекс 1 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Александра Јанеска-Илиев, во периодот од последниот избор во звањето доцент, заклучно со учебната 2023/2024 година, континуирано добива позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Економскиот факултет во Скопје, и тоа: просечна оценка од 9,37, по предметот Организациско однесување, а по предметот Менаџмент на мал бизнис, просечна оценка 9,45 или вкупна просечна оценка од 9,41. Ова дополнително го потврдува нејзиниот капацитет и спремност за ангажман во наставно-образовната дејност.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и нејзината севкупна работа и ангажман, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Александра Јанеска-Илиев.

По проучувањето на доставената документација, Комисијата е едногласна во мислењето дека:

- Кандидатката во развојот на својата академска кариера покажува исклучителен ангажман во сите сфери на своето професионално делување. Во текот на својата кариера, д-р Јанеска-Илиев постојано демонстрираше извонредност во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, со целосна посветеност кон заложбите на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
- Како наставник, д-р Јанеска-Илиев се истакнува во создавањето ангажирани и интерактивни средини за учење. Таа ги интегрира современите наставни методи, вклучувајќи практични симулации и онлајн алатки, кои го подобруваат разбирањето и учеството на учениците. Посветеноста во односите со студенти е видлива во нејзиното редовно менторство, водејќи ги низ академските предизвици и поддржувајќи го нивниот професионален развој.
- Кај кандидатката д-р Јанеска Илиев подеднакво може да се истакнат истражувачките придонеси. Нејзината посветеност на висококвалитетно истражување се рефлектира во нејзините бројни публикации во реномирани списанија и книги. Дополнително, во таа насока, учеството во бројни национални и меѓународни истражувачки проекти и соработки, постојано унапредувајќи го знаењето во својата област, ги верификува заложбите на кандидатката постојано да се развива во своето поле на делување.

- Покрај нејзиниот академски и истражувачки придонес, д-р Јанеска-Илиев е проактивна во развојот на програми, иницијативи и иновативни решенија кои одговараат на еволуирачките потреби на светот на бизнисот. Нејзиното учество во меѓународни соработки и нејзиното течно познавање на неколку јазици ја нагласуваат нејзината глобална перспектива и способност значајно да придонесе за пошироката академска заедница.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката (вкупно пресметани **282,27 поени**, од кои во наставно-образовната дејност – **109,45 поени**, во научноистражувачката дејност – **148,82 поени** и во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес – **24 поени**), од последниот избор до денес, Рецензентската комисија е целосно убедена дека пријавената кандидатка на конкурсот, д-р Александра Јанеска-Илиев, во целост ги исполнува општите услови за избор во наставно-научно звање – вонреден професор, како и посебните услови за избор во наставно-научни, научни и наставно-стручни звања, во согласност со Законот за високото образование, како и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, д-р Александра Јанеска-Илиев да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област менаџмент и бизнис, по предметите: **Организациско однесување и Менаџмент на мал бизнис.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.**
**Проф. д-р Леонид Наков, с.р.**
**Проф. д-р Стојан Дебарлиев, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Кандидат: **Александра Ѓорѓи Јанеска-Илиев**
**(име, татково име и презиме)**
Институција: **Економски факултет – Скопје**
**(назив на факултетот/институтот)**
Научна област: **Менаџмент и бизнис (5.02.00.03).**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. Број | Општи услови | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1. | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,74.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,44.<br>Просечниот успех изнесува __/__за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: менаџмент и бизнис (5.02.00.03).<br>Поле: организациони науки и управување.<br>Подрачје: општествени науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1/1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:<br>1. Назив на научното списание: *Economic Studies journal*, (6), pp.71-87.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: .” Discovering the Relationship between Leadership Styles and Organizational Commitment: The Case of the Private Sector of a Developing Country”<br>4. Година на објава: 2024 | ДА |
| 3.1/2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: *Economic and Business Review*, *22*(3),<br>2. Назив на електронската база на списанија: (Ebsco)<br>3. Наслов на трудот: The status quo bias of students and reframing as an educational intervention towards entrepreneurial thinking and change adoption.<br>4. Година на објава: 2020 | ДА |
| 3.1/3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| | списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: *East European Management Studies*, *27*(2), pp.259-279.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of science<br>3. Наслов на трудот: “Knowledge overconfidence among entrepreneurs from Austria and North Macedonia “<br>4. Година на објава: декември 2022 | |
| 3.1/4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: *Journal of Small Business Management* 60(1), pp.219-252.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of science<br>3. Наслов на трудот: “What can education bring to entrepreneurship? Formal versus non-formal education”,<br>4. Година на објава: 2022 | ДА |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: *Entrepreneurship Development in the Balkans: Perspective from Diverse Contexts* (Chapter: How is Social Entrepreneurship Pursuing the Path of Development? Regional Perspectives in the Western Balkans.”.)<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Велика Британија<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување Emerald Publishing Limited, 2023, UK | |
| 3.4/1 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1.Наслов на книгата: *Handbook of Research on Socio-Economic Sustainability in the Post-Pandemic Era* (Chapter: “SME Challenges in the Pandemic and Post-Pandemic Worlds and SDGs in South-Eastern Europe and the Black Sea in Light of the Pandemic: Identifying and Measuring CTQ (Critical-to-Quality) Features of SMEs” (pp.100-137).<br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: САД<br>3.Издавач, година и место на издавање/објавување: IGI Global. (Indexed in Scopus), 2023. USA | |
| 4. | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира<br>Организациско однесување , Економски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, февруари 2023 (ко-автор) ISBN 978-608-212-082-9 (6) | ДА |
| 5. | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 1.3.2020, бр. 1210 | ДА |
| 6. | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.**
**Проф. д-р Леонид Наков, с.р.**
**Проф. д-р Стојан Дебарлиев, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Александра Ѓорѓи Јанеска-Илиев**
Институција: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје**
Научни области: **менаџмент и бизнис**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување настава**<br>**Прв циклус(0.04)=30**<br>2019/2020<br>- Организациско однесување 4*15*0.04=2.4<br>- Менаџмент на мал бизнис 6*15*0.04=3.6<br>2020/2021<br>- Организациско однесување 4*15*0.04=2.4<br>- Менаџмент на мал бизнис 6*15*0.04=3.6<br>2021/2022<br>- Организациско однесување 4*15*0,04*=2.4<br>- Менаџмент на мал бизнис 6*15*0,04=3.6<br>2022/2023<br>- Организациско однесување 4*15*0,04*=2,4<br>- Менаџмент на мал бизнис 6*15*0,04=3.6<br>2023/2024<br>- Организациско однесување 4*15*0,04*=2.4<br>- Менаџмент на мал бизнис 6*15*0,04=3.6<br>**Втор циклус(0.05)=22**<br>2019/2020 (летен семестар)<br>- Организациско однесување 20*0.05=1<br>2020/2021<br>- Менаџмент на мал бизнис 40*0.05=2<br>- Организациско однесување 20*0.05=1<br>2021/2022<br>- Менаџмент на мал бизнис 40*0.05=2<br>- Организациско однесување 20*0.05=1<br>- HRM in a Start-Up and Corporate Environment 20*0.05=1<br>- Leadership & Organizational Behavior 40*0.05=2<br>2022/2023<br>- Менаџмент на мал бизнис 40*0.05=2<br>- Организациско однесување 20*0.05=1<br>- HRM in a Start-Up and Corporate Environment 20*0.05=1<br>- Leadership & Organizational Behavior 40*0.05=2<br>2023/2024<br>- Менаџмент на мал бизнис 40*0.05=2<br>- Организациско однесување 20*0.05=1<br>- HRM in a Start-Up and Corporate Environment 20*0.05=1<br>- Leadership & Organizational Behavior 40*0.05=2<br>**Трет циклус(0.06)=10.8** | 62.8 |

| | | |
|---|---|---|
